# ОСВРТИ

М. КОНСТАНТИНОВ

## ЗБИРКА ОД ИЗВОНРЕДНА ВРЕДНОСТ

Архивот на Скопје со несебична помош на Градскиот одбор на СЗБ од НОВ, за релативно кратко време, успеа да оформи збирка на мемоарски и други материјали што зборуваат за напредното работничко движење и Народноослободителната борба во Скопје и Скопско. Оваа збирка од извонредна вредност опфаќа над 12,5 илјади листови разновиден материјал, чија содржина се однесува речиси на сите аспекти на револуционерната борба на работничката класа и другите прогресивни сили во временскиот интервал што го вклучува периодот од почетокот на овој век па сѐ до дефинитивното ослободување на земјата во пролетта 1945.

Во оваа збирка, меѓутоа, по својата документарна и историографска вредност посебно внимание привлекува делот што зборува за загинатите борци и жртвите на фашистичкиот терор. Го сочинуваат близу илјада досиеја, во кои се наоѓаат околу 4.500 страници документарен материјал, отчукан на машина за пишување. Всушност, станува збор за пократки или поразработени биографии, што се собрани благодарение на организациите на СЗБ од НОВ како и на трудот и залагањето на Денка Димова, Митре Инадески, Боро Кралевски, Мино Миновски, Славе Трајковски, Абдуш Хусеин и некои други.

Со анализата на овие биографии значително се заокружува претставата за учеството на населението од Скопје и Скопско во Народноослободителната борба, што во текот од 1941 до 1945 ја водеа народите и народностите на Југославија под раководство на КПЈ на чело со Јосип Броз Тито. Податоците даваат пластична слика за крупниот придонес на населението од овој регион во големиот вооружен отпор против фашизмот и ропството, за неговата бескомпромисна борба, каква впрочем водеше и населението од цела Македонија и од другите делови на Југославија, со цел да се оживотворат вековните идеали за извојување национална слобода и право на непречен самостоен живот и творечки растеж.

Во оваа величествена борба, според податоците од оваа документација, во текот на НОВ и Револуцијата од загинатите

вкупно 4.629 борци и жртви на фашистичкиот терор, 3.984 (86,06%) беа родени на подрачјето на денешната општина Скопје или нејзини жители. Од нив 1.706 (36,85%) беа жени, а 2.923 (63,15%) мажи. Оттука произлегува дека денешната слобода е платена со непроценлива човечка крв, со животите на илјадници ќерки и синови на нашите народи и народности (Преглед бр. 1).

Во поговорот на трудот „Беа, загинаа, останаа" што Архивот го издаде во 1969 како спомен-книга на загинатите борци во НОВ и жртвите на фашизмот, меѓу другото е истакнато дека благодарение на тоа што Скопје беше седиште на партиското раководство, центар во кој беа донесени низа одлуки од витално значење за нацијата во врска со вооружената борба, месното партиско раководство со целокупното членство на КПЈ и СКОЈ не само бргу туку и активно се вклучи во реализирањето на револуционерните задачи, што се остваруваа понекогаш со поголем, а понекогаш со помал успех. Впрочем, крупните победи над непријателот резултираа пред сè од монолитноста на партиското и скоевското членство, како резултат на нивната револуционерна зрелост и способност своето влијание да го пренесат на широките народни маси, што придонесе НОВ да прерасне во сенародна револуција.

Во оваа без сличен пример по својата грандиозност борба во историјата на нашите народи и народности, од почетокот на Револуцијата па сè до 15 мај 1945, кога фашистичка Германија го положи оружјето и на територијата на Југославија, според нецелосните но дополнително собрани податоци загинаа вкупно 921 (19,90%) учесник во Народноослободителната борба, 97 (2,09%) војници на бившата југословенска војска, 141 (3,04%) лице во текот на бомбардирањата и 3.470 (74,97%) лица како жртви на фашистичкиот терор, од кои 3.286 (71,00%) беа Евреи.

Според местото на раѓање, најголем број од загинатите борци и жртви на фашистичкиот терор беа од Скопје (3.553/76,75%/), па од скопските села (431/9,31%/) односно од градот и околијата (3.984/86,06%/), потем од Куманово и околијата (62/1,34%/), Тетово и околија (54/1,17%/), Дебар и околијата (37/0,80%/), Титов Велес и околијата (20/0,43%/ итн. Од загинатите борци и жртви 4.248 (91,77%) беа родени на територијата на СР Македонија, а 381 (8,23%) лица во други републики на СФРЈ и во странство. (Преглед бр. 2).

Просечната возраст на загинатите борци и жртви на фашистичкиот терор одвај достига 25 години. Најголем број од загинатите, односно 3.667 (79,22%) имаа помалку од 45 години, а само 962 (20,78%) беа повозрасни од нив. Според тоа, во текот на НОВ и Револуцијата најсурово и најжестоко беше посегнато врз животите на најмладата генерација, врз генерацијата што ја карактеризираше најголема животна и творечка сила. (Преглед бр. 3).




Од загинатите борци и жртви на фашизмот 39 (0,84%) лица беа студенти, 459 (9,92%) работници, 89 (10,56%) земјоделци, 748 (16,16%) занаетчии итн. Потресен е податокот кој зборува дека меѓу жртвите на суровата фашистичка окупација 311 (6,71%) лица беа ученици во основните и средни училишта, 814




домаќинки (17,58%) и 232 (5,01%) лица со над 64-годишна возраст. (Преглед бр. 4). Само меѓу депортираните Евреи во логорите на смртта, меѓу другите, имаше 12 инженери, по 4 аптекари и агрономи, 3 правници, 2 лекари итн.

Мнозинството од загинатите, односно 3.611 (78,01%) беа цивили, а 1.018 (21,99%) лица беа припадници на разни единици на НОВ и ПОЈ (во кој број се вклучени и 97 (2,09%) војници на бившата југословенска војска). Од активниот број на борците 56 (1,21%) му припаѓаа на народноослободителните партизански одреди (како на пример на Скопскиот одред што беше основан


688 ЛИЦА
1.238 Л И Ц А
970 Л И Ц А
597 ЛИЦА
962 Л И Ц А
170
ОД 1 ДЕН ДО 15 ГО-ДИНИ
ОД 16 - 25 ГОДИНИ
ОД 26 - 35 ГОДИНИ
ОД 36 - 45 ГОДИНИ
ПРЕКУ 45 ГОДИНИ
200 400 600 800 1000 1200 1400 1600 1800 2000 2200 2400 2600 2800 3000 3200 3400 3600 3800 4000 4200 4400 4500



688 ЛИЦА
1.238 Л И Ц А
970 Л И Ц А
597 ЛИЦА
962 Л И Ц А
170
ОД 1 ДЕН ДО 15 ГО-ДИНИ
ОД 16 - 25 ГОДИНИ
ОД 26 - 35 ГОДИНИ
ОД 36 - 45 ГОДИНИ
ПРЕКУ 45 ГОДИНИ
200
400
600
800
1000
1200
1400
1600
1800
2000
2200
2400
2600
2800
3000
3200
3400
3600
3800
4000
4200
4400
4500

на 22 август 1941, потем на Шарпланинскиот, Скопско-Кумановскиот и други), 785 (16,96%) беа борци на разни бригади (најмногу на XVI Македонска ударна (301 — 6,50%), потоа на III Македонска ударна (153 — 3,31%) итн., а еден број лица загинаа како задднински работници (Преглед бр. 5).

Во текот на 1941 загинаа вкупно 170 (3,67%) лица, во 1942 — 38 (0,82%), во 1943 — 3.377 (72,96%), во 1944 — 648 (14,00%) и во 1945 — 280 (6,05%). Според тоа, најголем број жртви беа дадени во 1943 поради тоа што фашистите по 11 март таа година, на најсуров начин, усмртија 3.286 недолжни Евреи во злогласните логори на смртта.

Во текот на близу трииполгодишната фашистичка окупација, Партиската организација во Скопје раководеше не само со сложената и крајно тешка борба во заднината, туку и со партизанското движење што перманентно растеше и се развиваше. Напоредно со вооружените акции против воените единици и полициските сили на окупаторот, беа вршени многубројни диверзантски и друг вид акции кои целосно ги разнишаа илузиите на окупаторот дека може непречено да ги остварува своите мрачни асимилаторски цели. Во оваа борба учествуваше речиси целиот народ. Многумина од нив ги жртвуваа своите животи за слободата. Така, на борбените позиции, гради со гради со непријателите, храбро загинаа 778 (16,82%) припадници на НОВ и ПОЈ, 113 (2,44%) беа стрелани, 12 (0,26%) се удавија при преминување на надојдените реки, по 10 (0,21%) борци беа заклани и обесени итн. (Преглед бр. 6).

Најголем број од борците загинаа во жестоките судири со непријателските сили во Југославија. Така, на бојното поле на територијата на СРМ загинаа вкупно 892 (19,27%) борци, потоа 250 (5,40%) во СР Хрватска итн. Само во борбите за ослободувањето на Скопје своите животи ги вградија во темелите на слободата 451 (9,74%) борци. (Преглед бр. 7). Исто така, голем број жртви беа дадени при пробивот на Сремскиот фронт, во кои борби особено голем број загинаа во жестоките судири кај Банова Јаруга, Будровац, Винковци, Врпоље, Славонска Пожега, Шид и за ослободувањето на други населени места сè до најсеверните делови на Истра, во текот на победоносната офанзива на Народноослободителната војска на Југославија.

Националниот состав на загинатите борци (795/17,18%/ Македонци, 142/3,06%/ Албанци, Турци, Роми и Македонци-мухамеданци, 371/8,01%/ Срби, 9/0,19%/ Црногорци, 4/0,08%/ Хрвати итн. Прилог бр. 8) најпластично зборува за правилната политика на КПЈ и нејзиното настојување откорен да се ликвидира со векови всадуваната и од окупаторите разгоруваната нетрпеливост меѓу народите и народностите. Благодарение на ваквиот курс сите чесни и патриотски сили, без оглед на национална, верска и друга припадност се здружија во НОВ и придонесоа тоа да прерасне во вистинска ковачница на збратимувањето. Во од-

редите и бригадите покрај Македонците се среќаваа и припадници на голем број народи и народности, кои со заеднички напори го калеа братството и единството како најсветла придобивка во суровата но праведна борба.

Изнесувајќи ги овие основни податоци за загинатите борци и жртвите на фашизмот, треба да се истакне дека без оглед на тоа што се крајно документарни, што со својата содржина ја илустрираат тешко извојуваната и скапо платената слобода, општата слика за историскиот придонес на овие храбри синови и ќерки на нашите народи и народности нема да биде во целост осветлен, ако покрај ваквото одбележување не се допрат и некои други моменти. Факт е дека бројките и процентите се суво-парни. Затоа, независно од впечатокот што го оставаат во врска со активното учество на населението од Скопје и Скопско во НОВ, како и во врска со учеството на другите граѓани на СРМ и СФРЈ во борбите за ослободување на Скопје, неопходно е да се укаже и тоа дека зад секој од тие броеви се крие еден живот; развојниот пат на едно суштество, на човек кој имаше помало или поголемо животно и револуционерно искуство. Меѓу нив се среќаваат и имиња на великани на Народната револуција, чии животен пат целосно му беше посветен на великото дело на слободата и напредното работничко движење. Така, во својство на партиски и друг вид раководители, како Скопјани или во Скопје, загинаа следниве 9 народни херои: Мирче Ацев, Цветан Димов, Раде Јовчевски-Корчагин, Кузман Јосифовски-Питу, Вера Јоциќ, Јордан Николов-Орце, Боро Петрушевски-Папучар, Страшо Пинџур и Александар Урдаревски. Покрај овие осведочени фигури во НОВ, своите животи ги вградија во темелите на слободата и поголем број други истакнати првоборци По својот револуционерен придонес, меѓу нив, особено видно место им припаѓа на Васил Антевски-Дрен, Панче Арсовски, Боро Боцевски, Роберт Гајдик, Невена Георгиева-Дуња, Љубица Георгиева, Славе Георгиевски, Благоја Давков, Благоја Деспотовски-Шовељ, Дане Крапчев, Владимир Мацанов, Душко Поповиќ, Перишa Савелиќ, Томе Стефановски, Коце Стојановски-Металец, Владо Тасевски и други.

Настојувајќи да се осветлат што посеопфатно ликовите на хероите и другите првоборци, за чие животно дело и револуционерна активност се тесно поврзани победоносните акции во текот на НОВ, Архивот, исто така, во заедница со Градскиот одбор на СЗБ од НОВ, пристапи кон проширување на делот од збирката со документација за нив. Благодарение на тоа, во издание на Архивот веќе излегоа две книги од едицијата: „Светли ликови од револуционерното минато на Скопје“ (за Коце Стојановски-Металец и Дамјан Крапчев-Стари), подготвена е за печат книгата за Јордан Николов-Орце, а во завршна фаза се наоѓаат прилозите за биографиите на Васил Антевски-Дрен, Вера Јоциќ и некои други. Со публикациите од оваа едиција, на од-

реден начин, како се истакнува во белешката од издавачот на отпечатените книги, граѓаните на Скопје, организациите на здружен труд, општествено-политичките организации и Собранието на општината на град Скопје, ја искажуваат својата почит и длабока благодарност кон оние што ги дадоа животите за слободата на својот град и својата земја.

Покрај овој дел од збирката, чија документација зборува исклучиво за паднатите борци и жртвите на фашистичкиот терор, во неа се наоѓаат материјали што се однесуваат и на низа други сфери од револуционерната дејност, пројавена во текот на НОВ. Така, на пример, во збирката хронолошки се средени и архивистички обработени 247 досиеја со сеќавања на активни учесници во НОВ од Скопје. Секое од овие сеќавања осветлува некој од настаните во врска со работата на партиската организација итн. Збирката опфаќа и материјали составени во текот на групните искажувања во врска со ослободувањето на Скопје, за активноста на борците од XII Македонска ударна бригада, за дејноста на Скоевската организација итн.

Посебен дел од збирката ја сочинуваат реконструкциите во врска со дејноста на разните единици на НОВ и ПОЈ, во врска со револуционерната дејност на партиската организација; судските процеси одржани од вонредните воени судови против припадниците на НОВ; во врска со животот и работата на политзатворениците; организирањето на илегалните станови и друго.

Ова сублимирано искажување за извонредната вредност на збирката на мемоарските и други материјали од напредното работничко движење и НОВ (1900—1945), во целост го потврдува исправниот став на Архивот во обезбедувањето на онаа архивска граѓа за која поради специфичните услови во кои се водеше НОВ и Револуцијата се чувствува голема потреба. При извршувањето на оваа задача, меѓутоа, Архивот во ниеден момент не ја загрозува својата основна дејност во врска со евиденцијата, заштитата и обработувањето на архивската граѓа, за која е должен да се грижи согласно одредбите на Законот за архивската дејност. Како кадровски така и материјално обогатувањето на оваа збирка се одвива со наменски средства, што е резултат на сестраното разбирање на надлежните фактори во општествено-политичката заедница на Скопје.

| ПРЕГЛЕД БР. 1<br>I/ ПОЛ<br>II/ ЖИТЕЛСТВО | ВКУПНО | | УЧЕСНИЦИ ВО НОВ – Скопјани, жители на Скопје и други загинати : Се | | во СРМ и во др. делови на СФРЈ | | за ослободување на Скопје | | Загинати војници на бив. југословенска војска | | Загинати цивили во тек на бомбардирањата на Скопје | | ЖРТВИ НА ФАШИСТИЧКИОТ ТЕРОР – Се | | Евреи | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % |
| I/ ВКУПНО (а + б) | 4629 | 100.00 | 921 | 19,90 | 470 | 10,16 | 451 | 9,74 | 97 | 2,09 | 141 | 3,04 | 3470 | 74,97 | 3286 | 71,00 | 184 | 3,97 |
| ПОЛ а/ ЖЕНИ | 1706 | 36,85 | 15 | 0,32 | 7 | 0,15 | 8 | 0,17 | | | 38 | 0,82 | 1653 | 35,71 | 1635 | 35,32 | 18 | 0,39 |
| ПОЛ б/ МАЖИ | 2923 | 63,15 | 906 | 19,57 | 463 | 10,00 | 443 | 9,57 | 97 | 2,09 | 103 | 2,22 | 1817 | 39,26 | 1651 | 35,68 | 166 | 3,56 |
| II/ ВКУПН (1 + 6) | 4629 | 100,00 | 921 | 19,90 | 470 | 10,16 | 451 | 9,74 | 97 | 2,09 | 141 | 3,04 | 3470 | 74,97 | 3286 | 71,00 | 184 | 3,97 |
| 1. Се од територијата на СРМ (2 + 5) | 4248 | 91,77 | 656 | 14,17 | 418 | 9,03 | 238 | 5,14 | 91 | 1,96 | 85 | 1,83 | 3416 | 73,80 | 3286 | 71,00 | 130 | 2,80 |
| 2. Од Скопје и Скопско (3 + 4) | 3984 | 86,06 | 449 | 10,13 | 331 | 7,15 | 118 | 2,55 | 88 | 1,90 | 76 | 1,64 | 3371 | 72,83 | 3286 | 71,00 | 85 | 1,83 |
| 3. Од СКОПЈЕ | 3553 | 76,75 | 154 | 3,32 | 117 | 2,53 | 37 | 0,80 | 65 | 1,40 | 20 | 0,43 | 3314 | 71,60 | 3286 | 71,00 | 28 | 0,60 |
| 4. Од Скопска околија | 431 | 9,31 | 295 | 6,37 | 218 | 4,71 | 81 | 1,75 | 23 | 0,50 | 56 | 1,20 | 57 | 1,23 | | | 57 | 1,23 |
| 5. Од други подрачја на СРМ | 234 | 5,05 | 177 | 3,82 | 95 | 2,05 | 82 | 1,77 | 3 | 0,19 | 45 | 0,19 | 45 | 0,97 | | | 45 | 0,97 |
| 6. Од други подрачја на СФРЈ | 381 | 8,23 | 265 | 5,72 | 52 | 1,12 | 213 | 4,60 | 6 | 0,13 | 56 | 1,21 | 54 | 1,16 | | | 54 | 1,16 |

| ПРЕГЛЕД БР. 2 МЕСТО НА РАЃАЊЕ | ВКУПНО | | УЧЕСНИЦИ ВО НОВ Скопјани, жители на Скопје и други загинати: Се | | во СРМ и во др. делови на СФРЈ | | за ослободување на Скопје | | Загинати припадници на бив. југословенска војска | | Загинати цивили во текот на бомбардирањата на Скопје | | ЖРТВИ НА ФАШИСТИЧКИОТ ТЕРОР Се | | Евреи | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % |
| ВКУПНО ( 21 + 22) | 4629 | 100.00 | 921 | 19,90 | 470 | 10,16 | 451 | 9,74 | 97 | 2,09 | 141 | 3,04 | 3470 | 74,97 | 3286 | 71,00 | 184 | 3,97 |
| 1. Скопје и околијата | 3984 | 86,06 | 469 | 10,13 | 331 | 7,15 | 138 | 2,98 | 88 | 1,90 | 56 | 1,21 | 3371 | 72,82 | 3286 | 71,00 | 85 | 1,84 |
| 2. Битола и околијата | 3 | 0,06 | 3 | 0,06 | 2 | 0,04 | 1 | 0,02 | | | | | | | | | | |
| 3. Гостивар и околијата | 5 | 0,10 | 5 | 0,10 | 3 | 0,06 | 2 | 0,04 | | | | | | | | | | |
| 4. Дебар и околијата | 37 | 0,80 | 30 | 0,66 | 20 | 0,45 | 10 | 0,21 | | | 5 | 0,10 | 2 | 0,04 | | | 2 | 0,04 |
| 5. Делчево и околијата | 1 | 0,02 | 1 | 0,02 | | | 1 | 0,02 | | | | | | | | | | |
| 6. Кавадарци и околијата | 4 | 0,08 | 3 | 0,06 | 2 | 0,04 | 1 | 0,02 | | | 1 | 0,02 | | | | | | |
| 7. Кичево и околијата | 5 | 0,10 | 3 | 0,06 | 1 | 0,02 | 2 | 0,04 | | | 2 | 0,04 | | | | | | |
| 8. Кочани и околијата | 2 | 0,04 | 2 | 0,04 | 1 | 0,02 | 1 | 0,02 | | | | | | | | | | |
| 9. Кр. Паланка и околијата | 5 | 0,10 | 5 | 0,10 | | | 5 | 0,10 | | | | | | | | | | |
| 10. Крушево и околијата | 3 | 0,06 | 1 | 0,02 | 1 | 0,02 | | | | | 2 | 0,04 | | | | | | |
| 11. Куманово и околијата | 62 | 1,34 | 59 | 1,27 | 7 | 0,15 | 52 | 1,12 | | | 1 | 0,02 | 2 | 0,04 | | | 2 | 0,04 |
| 12. Неготино и околијата | 1 | 0,02 | | | | | | | 1 | 0,02 | | | | | | | | |
| 13. Прилеп и околијата | 8 | 0,17 | 7 | 0,15 | 5 | 0,10 | 2 | 0,04 | | | 1 | 0,02 | | | | | | |
| 14. Радовиш и околијата | 2 | 0,04 | 2 | 0,04 | 2 | 0,04 | | | | | | | | | | | | |
| 15. Ресен и околијата | 2 | 0,04 | 2 | 0,04 | 1 | 0,02 | 1 | 0,02 | | | | | | | | | | |
| 16. Струмица и околијата | 2 | 0,04 | | | | | | | | | 1 | 0,02 | 1 | 0,02 | | | 1 | 0,02 |
| 17. Тетово и околијата | 54 | 1,17 | 43 | 0,93 | 32 | 0,69 | 11 | 0,24 | 1 | 0,02 | 5 | 0,10 | 5 | 0,10 | | | 5 | 0,10 |
| 18. Т. Велес и околијата | 20 | 0,43 | 9 | 0,19 | 8 | 0,17 | 1 | 0,02 | | | 8 | 0,17 | 3 | 0,06 | | | 3 | 0,06 |
| 19. Штип и околијата | 6 | 0,12 | 3 | 0,06 | 2 | 0,04 | 1 | 0,02 | | | 3 | 0,06 | | | | | | |
| 20. Без податоци | 42 | 0,91 | 9 | 0,19 | | | 9 | 0,19 | | | 1 | 0,02 | 32 | 0,50 | | | 32 | 0,50 |
| 21. Се во СРМ (1 - 20) | 4248 | 91,77 | 656 | 14,17 | 418 | 9,03 | 238 | 5,14 | 91 | 1,96 | 85 | 1,83 | 3416 | 73,79 | 3286 | 71,00 | 130 | 2,81 |
| 22. Во др. републики на СФРЈ и во странство | 381 | 8,23 | 265 | 5,72 | 52 | 1,12 | 213 | 4,60 | 6 | 0,12 | 56 | 1,21 | 54 | 1,16 | | | 54 | 1,16 |

| ПРЕГЛЕД БР. 3<br>I/ ГОДИНИ НА РАЃАЊЕ<br>II/ ВОЗРАСТ | ВКУПНО | | УЧЕСНИЦИ ВО НОВ — Скопјани, жители на Скопје и други загинати: Се | | во СРМ и во др. делови на СФРЈ | | за ослободување на Скопје | | Загинати војници на бив. Југословенска војска | | Загинати цивили во тек на бомбардирањата на Скопје | | ЖРТВИ НА ФАШИСТИЧКИОТ ТЕРОР: Се | | Евреи | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % |
| I/ ВКУПНО | 4629 | 100,00 | 921 | 19,90 | 470 | 10,16 | 451 | 9,74 | 97 | 2,09 | 141 | 3,04 | 3470 | 74,97 | 3286 | 71,00 | 184 | 3,97 |
| РОДЕНИ: Пред 1879 година | 232 | 5,01 | . | | | | | | | | 8 | 0,17 | 224 | 4,84 | 220 | 4,75 | 4 | 0,08 |
| Меѓу 1880 и 1900 | 730 | 15,77 | 2 | 0,04 | | | 2 | 0,04 | | | 36 | 0,78 | 692 | 14,95 | 667 | 14,41 | 25 | 0,54 |
| Меѓу 1901 и 1910 | 595 | 12,85 | 40 | 0,86 | | | 40 | 0,86 | 30 | 0,65 | 14 | 0,30 | 511 | 11,05 | 479 | 10,35 | 32 | 0,69 |
| Меѓу 1911 и 1920 | 889 | 19,21 | 249 | 5,38 | 110 | 2,38 | 139 | 3,00 | 30 | 0,65 | 14 | 0,30 | 596 | 12,87 | 560 | 12,10 | 36 | 0,78 |
| Меѓу 1921 и 1930 | 1325 | 28,63 | 581 | 12,56 | 332 | 7,18 | 249 | 5,39 | 5 | 0,10 | 21 | 0,45 | 718 | 15,52 | 686 | 14,83 | 32 | 0,69 |
| После 1930 | 688 | 14,86 | 1 | 0,02 | 1 | 0,02 | | | | | 17 | 0,37 | 670 | 14,47 | 657 | 14,19 | 13 | 0,28 |
| Непознато | 170 | 3,67 | 48 | 1,04 | 27 | 0,58 | 21 | 0,45 | 32 | 0,69 | 31 | 0,67 | 59 | 1,27 | 17 | 0,37 | 42 | 0,91 |
| II/ ВКУПНО | 4629 | 100,00 | 921 | 19,90 | 470 | 10,16 | 451 | 9,74 | 97 | 2,09 | 141 | 3,04 | 3470 | 74,97 | 3286 | 71,00 | 184 | 3,97 |
| ВОЗРАСТ: Од еден ден до 15 години | 688 | 14,86 | 1 | 0,02 | 1 | 0,02 | | | | | 17 | 0,36 | 670 | 14,48 | 657 | 14,20 | 13 | 0,27 |
| Од 16 - 25 | 1238 | 26,75 | 502 | 10,85 | 272 | 5,87 | 230 | 4,97 | 9 | 0,19 | 14 | 0,30 | 713 | 15,41 | 684 | 14,78 | 29 | 0,63 |
| Од 26 - 35 | 974 | 21,04 | 350 | 7,57 | 154 | 3,34 | 196 | 4,24 | 21 | 0,45 | 13 | 0,28 | 590 | 12,75 | 559 | 12,07 | 31 | 0,67 |
| Од 36 - 45 | 597 | 12,89 | 18 | 0,38 | 16 | 0,35 | 2 | 0,04 | 35 | 0,76 | 22 | 0,47 | 522 | 11,27 | 482 | 10,42 | 40 | 0,86 |
| Преку 45 | 962 | 20,79 | 2 | 0,04 | | | 2 | 0,04 | | | 44 | 0,96 | 916 | 19,79 | 887 | 19,17 | 29 | 0,63 |
| Непознато | 170 | 3,67 | 48 | 1,04 | 27 | 0,58 | 21 | 0,45 | 32 | 0,69 | 31 | 0,67 | 59 | 1,27 | 17 | 0,36 | 42 | 0,91 |

## ПРЕГЛЕД БР. 4

| ЗАНИМАЊЕ | ВКУПНО | | УЧЕСНИЦИ ВО НОВ — Скопјани, жители на Скопје и други загинати: Се | | во СРМ и во др. делови на СФРЈ | | за ослободување на Скопје | | Загинати војници на бив. југословенска војска | | Загинати цивили во текот на бомбардирањата на Скопје | | ЖРТВИ НА ФАШИСТИЧКИОТ ТЕРОР: Се | | Евреи | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % |
| ВКУПНО | 4629 | 100.00 | 921 | 19,90 | 470 | 10,16 | 451 | 9,74 | 97 | 2,09 | 141 | 3,04 | 3470 | 74,97 | 3286 | 71,00 | 184 | 3,97 |
| Деца од предучилишна возраст | 311 | 6,71 | | | | | | | | | 3 | 0,06 | 308 | 6,64 | 308 | 6,64 | | |
| Ученици | 428 | 9,25 | 66 | 1,42 | 45 | 0,97 | 21 | 0,45 | 1 | 0,02 | 14 | 0,30 | 347 | 7,49 | 337 | 7,28 | 10 | 0,21 |
| Студенти | 39 | 0,84 | 21 | 0,45 | 20 | 0,43 | 1 | 0,02 | | | | | 18 | 0,38 | 16 | 0,36 | 2 | 0,02 |
| Домаќинки | 814 | 17,58 | | | | | | | | | 31 | 0,67 | 783 | 16,91 | 774 | 16,72 | 9 | 0,19 |
| Земјоделци | 489 | 10,56 | 450 | 9,72 | 191 | 4,12 | 259 | 5,59 | 9 | 0,19 | 14 | 0,30 | 16 | 0,34 | 9 | 0,19 | 7 | 0,15 |
| Работници | 459 | 9,92 | 156 | 3,37 | 97 | 2,09 | 59 | 1,27 | 7 | 0,15 | 21 | 0,45 | 275 | 5,94 | 242 | 5,23 | 33 | 0,71 |
| Занаетчии | 748 | 16,16 | 155 | 3,35 | 83 | 1,79 | 72 | 1,55 | 14 | 0,30 | 24 | 0,51 | 555 | 11,99 | 540 | 11,67 | 15 | 0,32 |
| Трговци | 344 | 7,43 | | | | | | | | | | | 344 | 7,43 | 344 | 7,43 | | |
| Службеници и други | 83 | 1,79 | 11 | 0,24 | 8 | 0,17 | 3 | 0,06 | 19 | 0,41 | 4 | 0,08 | 49 | 1,06 | 39 | 0,85 | 10 | 0,21 |
| Непознато | 914 | 19,75 | 62 | 1,34 | 26 | 0,56 | 36 | 0,78 | 47 | 1,01 | 30 | 0,65 | 775 | 16,74 | 677 | 14,62 | 98 | 2,12 |

**ПРЕГЕЛД БР. 5**

**ПРИПАДНОСТ НА ЕДИНИЦИ**

| | ВКУПНО | | УЧЕСНИЦИ ВО НОВ — Скопјани, жители на Скопје и други загинати: Се | | во СРМ и во др.делови на СФРЈ | | за ослободување на Скопје | | Загинати војници на бив. југословенска војска | | Загинати цивили во тек на бомбардирањата на Скопје | | ЖРТВИ НА ФАШИСТИЧКИОТ ТЕРОР: Се | | Евреи | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % |
| ВКУПНО (5 + 6 + 7) | 4629 | 100,00 | 921 | 19,90 | 470 | 10,16 | 451 | 9,74 | 97 | 2.09 | 141 | 3,04 | 3470 | 74,97 | 3286 | 71,00 | 184 | 3,97 |
| **1. ОДРЕДИ** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Скопски | 6 | 0,12 | 6 | 0,12 | 5 | 0,10 | 1 | 0,02 | | | | | | | | | | | | |
| Шарпланиски | 21 | 0,46 | 21 | 0,46 | 20 | 0,44 | 1 | 0,02 | | | | | | | | | | | | |
| Скопско-кумановски | 4 | 0,08 | 4 | 0,08 | 4 | 0,08 | | | | | | | | | | | | | | |
| Македонско-косовски | 1 | 0,02 | 1 | 0,02 | 1 | 0,02 | | | | | | | | | | | | | | |
| Други | 24 | 0,53 | 24 | 0,53 | 24 | 0,53 | | | | | | | | | | | | | | |
| Се | 56 | 1,21 | 56 | 1,21 | 54 | 1,17 | 2 | 0,04 | | | | | | | | | | | | |
| **2. БРИГАДИ** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| III Македонска | 153 | 1,31 | 153 | 3,31 | 61 | 1,32 | 92 | 1,99 | | | | | | | | | | | | |
| VII на 42. дивизија | 27 | 0,58 | 27 | 0,58 | 27 | 0,58 | | | | | | | | | | | | | | |
| VIII Прешевска | 79 | 1,70 | 79 | 1,70 | | | 79 | 1,70 | | | | | | | | | | | | |
| XII Македонска | 93 | 2.00 | 93 | 2.00 | 55 | 1.18 | 38 | 0,82 | | | | | | | | | | | | |
| XII Бујановечка | 42 | 0,90 | 42 | 0,90 | | | 42 | 0,90 | | | | | | | | | | | | |
| XIV Македонска | 15 | 0,32 | 15 | 0,32 | | | 15 | 0,32 | | | | | | | | | | | | |
| XVI Македонска | 301 | 6.50 | 301 | 6,50 | 148 | 3,20 | 153 | 3,30 | | | | | | | | | | | | |
| Други | 75 | 1,62 | 75 | 1,62 | 73 | 1,58 | 2 | 0,04 | | | | | | | | | | | | |
| Се | 785 | 16,96 | 785 | 16,96 | 364 | 7,87 | 421 | 9,09 | | | | | | | | | | | | |
| 3. Во др.единици на НОВ | 66 | 1,42 | 66 | 1,42 | 52 | 1,12 | 14 | 0,30 | | | | | | | | | | | | |
| 4. Заднински работници | 14 | 0,30 | 14 | 0,30 | | | 14 | 0,30 | | | | | | | | | | | | |
| 5. Се во НОБ (1 + 2 + 3 + 4) | 921 | 19,89 | 921 | 19,89 | 470 | 10,15 | 451 | 9,74 | | | | | | | | | | | | |
| 6. Војници на бившата југословенска војска | 97 | 2,09 | | | | | | | 97 | 2,09 | | | | | | | | | | |
| 7. Цивилно население | 3611 | 78,01 | | | | | | | | | 141 | 3,04 | 3470 | 74,97 | 3286 | 71,00 | 184 | 3,97 |

| ПРЕГЛЕД БР. 6<br>I/ ГОДИНИ НА ЗАГИНУВАЊЕТО<br>II/ НАЧИН НА ЗАГИНУВАЊЕТО | ВКУПНО | | УЧЕСНИЦИ ВО НОВ — Скопјани, жители на Скопје и други загинати: Се | | во СРМ и во др. делови на СФРЈ | | за ослободување на Скопје | | Загинати војници на бив. Југословенска војска | | Загинати цивили во текот на бомбардирањата на Скопје | | ЖРТВИ НА ФАШИСТИЧКИОТ ТЕРОР: Се | | Евреи | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % |
| I/ ВКУПНО (1 - 7) | 4629 | 100.00 | 921 | 19,90 | 470 | 10,16 | 451 | 9.74 | 97 | 2,09 | 141 | 3.04 | 3470 | 74,97 | 3286 | 71.00 | 184 | 3,97 |
| ГОДИНА НА ЗАГИНУВАЊЕТО: 1. Во 1941 | 170 | 3,67 | 6 | 0,13 | 6 | 0,13 | | | 72 | 1,56 | 55 | 1,19 | 37 | 0,80 | | | 37 | 0,80 |
| 2. Во 1942 | 38 | 0,82 | 24 | 0,52 | 24 | 0,52 | | | 1 | 0,02 | 1 | 0,02 | 12 | 0,26 | | | 12 | 0,26 |
| 3. Во 1943 | 3377 | 72,96 | 39 | 0,84 | 39 | 0,84 | | | 5 | 0,11 | 20 | 0,43 | 3313 | 71,58 | 3286 | 71,00 | 27 | 0,58 |
| 4. Во 1944 | 648 | 14.00 | 508 | 10,97 | 80 | 1,73 | 428 | 9,24 | 3 | 0,06 | 54 | 1,17 | 83 | 1,79 | | | 83 | 1,79 |
| 5. Во 1945 | 280 | 6,05 | 274 | 5,92 | 261 | 5,64 | 13 | 0,28 | | | 1 | 0,02 | 5 | 0,11 | | | 5 | 0,11 |
| 6. Без податоци | 103 | 2,22 | 66 | 1,42 | 57 | 1,23 | 9 | 1,19 | 10 | 0,21 | 9 | 1,19 | 18 | 0,39 | | | 18 | 0,39 |
| 7. Непознато | 13 | 0,28 | 4 | 0,08 | 3 | 0,06 | 1 | 0,02 | 6 | 0,13 | 1 | 0,02 | 2 | 0,04 | | | 2 | 0,04 |
| II/ ВКУПНО (1 - 14) | 4629 | 100,00 | 921 | 19,90 | 470 | 10,16 | 451 | 9,74 | 97 | 2,09 | 141 | 3,04 | 3470 | 74,97 | 3286 | 71,00 | 184 | 3,97 |
| НАЧИН НА ЗАГИНУВАЊЕТО: 1. Во борба | 778 | 16,82 | 710 | 15,34 | 358 | 7,74 | 352 | 7,60 | 68 | 1,47 | | | | | | | | |
| 2. Стрелани | 113 | 2,44 | 48 | 1,04 | 37 | 0,80 | 11 | 0,24 | | | | | 65 | 1,40 | | | 65 | 1,40 |
| 3. Заклани | 10 | 0,21 | 9 | 0,19 | 1 | 0,02 | 8 | 0,17 | | | | | 1 | 0,02 | | | 1 | 0,02 |
| 4. Запалени | 2 | 0,04 | 1 | 0,02 | 1 | 0.02 | | | | | | | 1 | 0,02 | | | 1 | 0,02 |
| 5. Обесени | 10 | 0,21 | 8 | 0,17 | 8 | 0,17 | | | | | | | 2 | 0,04 | | | 2 | 0,04 |
| 6. Самоубиени | 4 | 0,08 | 4 | 0,08 | 1 | 0.02 | 3 | 0,06 | | | | | | | | | | |
| 7. Удавени | 12 | 0,26 | 4 | 0,08 | | | 4 | 0,08 | 8 | 0,17 | | | | | | | | |
| 8. Задушени | 3286 | 71.00 | | | | | | | | | | | 3286 | 71,00 | 3286 | 71,00 | | |
| 9. Од тепање | 2 | 0,04 | 2 | 0,04 | 2 | 0,04 | | | | | | | | | | | | |
| 10. Исчезнати | 5 | 0,10 | 4 | 0,08 | 4 | 0.08 | | | 1 | 0,02 | | | | | | | | |
| 11. Во бомбардирање | 141 | 3,05 | | | | | | | | | 141 | 3,05 | | | | | | |
| 12. Починати од рани и друго | 80 | 1,73 | 48 | 1,04 | 21 | 0,45 | 27 | 0,58 | 18 | 0,39 | | | 14 | 0,30 | | | 14 | 0,30 |
| 13. Во несреќни случаи | 29 | 0,63 | 27 | 0,58 | 19 | 0,41 | 8 | 0,17 | 2 | 0,04 | | | | | | | | |
| 14. Непознато | 157 | 3,39 | 56 | 1,21 | 18 | 0,39 | 38 | 0,82 | | | | | 101 | 2,18 | | | 101 | 2,18 |

**ПРЕГЛЕД БР. 7**

| МЕСТО НА ЗАГИНУВАЊЕТО | ВКУПНО | | Учесници во НОВ — Скопјани, жители на Скопје и други загинати: Се | | во СРМ и во др. делови на СФРЈ | | за ослободување на Скопје | | Загинати војници на бив. југословенска војска | | Загинати цивили во текот на бомбардирањата на Скопје | | Жртви на фашистичкиот терор: Се | | Евреи | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % |
| ВКУПНО (1 + 7 + 14) | 4629 | 100,00 | 921 | 19,90 | 470 | 10,16 | 451 | 9,74 | 97 | 2,09 | 141 | 3,04 | 3470 | 74,97 | 3286 | 71,00 | 184 | 3,97 |
| 1. Се на територијата на СРМ (2 + 5 + 6) | 892 | 19,27 | 534 | 11,53 | 83 | 1,79 | 451 | 9,74 | 46 | 0,99 | 133 | 2,87 | 179 | 3,86 | | | 179 | 3,86 |
| 2. Се во Скопје и Скопско | 689 | 14,88 | 451 | 9,74 | | | 451 | 9,74 | 18 | 0,39 | 129 | | 91 | 1,96 | | | 91 | 1,96 |
| 3. Во Скопје | 277 | 5,98 | 54 | 1,16 | | | 54 | 1,16 | 18 | 0,39 | 128 | | 77 | 1,66 | | | 77 | 1,66 |
| 4. Во Скопска околија | 412 | 8,90 | 397 | 8,57 | | | 397 | 8,57 | | | 1 | 0,02 | 14 | 0,30 | | | 14 | 0,30 |
| 5. Во други места на СРМ | 117 | 2,53 | 83 | 1,79 | 83 | 1,79 | | | 28 | 0,60 | 1 | 0,02 | 5 | 0,10 | | | 5 | 0,10 |
| 6. Без податоци во СРМ | 86 | 1,86 | | | | | | | | | 3 | 0,06 | 83 | 1,80 | | | 83 | 1,80 |
| 7. Се во други делови на СФРЈ (8 - 13) | 430 | 9,28 | 387 | 8,36 | 387 | 8,36 | | | 38 | 0,82 | | | 5 | 0,10 | | | 5 | 0,10 |
| 8. Во СР Б и Х | 13 | 0,27 | 10 | 0,21 | 10 | 0,21 | | | | | | | 3 | 0,06 | | | 3 | 0,06 |
| 9. Во СР Словенија | 1 | 0,02 | 1 | 0,02 | 1 | 0,02 | | | | | | | | | | | | |
| 10. Во СР Србија | 53 | 1,15 | 53 | 1,15 | 53 | 1,15 | | | | | | | | | | | | |
| 11. Во СР Хрватска | 250 | 5,40 | 249 | 5,38 | 249 | 5,38 | | | | | | | | | | | 1 | 0,02 |
| 12. Во СР Црна Гора | 2 | 0,04 | | | | | | | 1 | 0,02 | | | | | | | 1 | 0,02 |
| 13. Без податоци во СФРЈ | 111 | 2,40 | 74 | 1,60 | 74 | 1,60 | | | 37 | 0,80 | | | | | | | | |
| 14. Надвор од границите на СФРЈ | 3307 | 71,45 | | | | | | | 13 | 0,28 | 8 | 0,17 | 3286 | 71,00 | 3286 | 71,00 | | |

## ПРЕГЛЕД БР. 8

## НАЦИОНАЛЕН СОСТАВ

| НАЦИОНАЛЕН СОСТАВ | | ВКУПНО | | УЧЕСНИЦИ ВО НОВ – Скопјани, жители на Скопје и други загинати: Се | | во СРМ и во др. делови на СФРЈ | | за ослободување на Скопје | | Загинати војници на бив. југословенска војска | | Загинати цивили во тек на бомбардирањата на Скопје | | ЖРТВИ НА ФАШИСТИЧКИОТ ТЕРОР: Се | | Евреи | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % |
| ВКУПНО (1 + 2 + 3) | | 4629 | 100,00 | 921 | 19,90 | 470 | 10,16 | 451 | 9,74 | 97 | 2,09 | 141 | 3,04 | 3470 | 74,97 | 3286 | 71,00 | 184 | 3,97 |
| 1. ОД СРМ | Македонци | 795 | 17,18 | 560 | 12,10 | 338 | 7,30 | 222 | 4,79 | 44 | 0,95 | 95 | 2,06 | 96 | 2,07 | | | 96 | 2,07 |
| | Албанци, Турци, Роми и Македонци - мухамеданци | 142 | 3,06 | 98 | 2,12 | 90 | 1,95 | 8 | 0,17 | 11 | 0,23 | 17 | 0,36 | 16 | 0,34 | | | 16 | 0,34 |
| | Евреи | 3292 | 71,12 | 3 | 0,06 | 3 | 0,06 | | | 1 | 0,02 | 2 | 0,04 | 3286 | 71,00 | 3286 | 71,00 | | |
| | Се | 4229 | 91,36 | 661 | 14,28 | 431 | 9,31 | 230 | 4,97 | 56 | 1,20 | 144 | 2,46 | 3398 | 73,41 | 3286 | 71,00 | 112 | 2,41 |
| 2. ОД ДРУГИТЕ ДЕЛОВИ НА СФРЈ | Словенци | 1 | 0,02 | | | | | | | 1 | 0,02 | | | | | | | | |
| | Срби | 371 | 8,01 | 239 | 5,16 | 35 | 0,76 | 204 | 4,41 | 39 | 0,84 | 26 | 0,56 | 67 | 0,45 | | | 67 | 0,45 |
| | Хрвати | 4 | 0,08 | 2 | 0,04 | 2 | 0,04 | | | | | | | 2 | 0,04 | | | 2 | 0,04 |
| | Црногорци | 9 | 0,19 | 7 | 0,15 | 2 | 0,04 | 5 | 0,10 | 1 | 0,02 | | | 1 | 0,02 | | | 1 | 0,02 |
| | Се | 385 | 8,32 | 248 | | 39 | | 209 | 4,51 | 41 | 0,88 | 26 | 0,56 | 70 | 1,51 | | | 70 | 1,51 |
| 3. ДРУГИ НАРОДИ | Бугари | 5 | 0,10 | 5 | 0,10 | | | 5 | 0,10 | | | | | | | | | | |
| | Германци | 2 | 0,04 | 2 | 0,04 | | | 2 | 0,04 | | | | | | | | | | |
| | Италијанци | 1 | 0,02 | 1 | 0,02 | | | 2 | 0,02 | | | | | | | | | | |
| | Руси | 4 | 0,08 | 3 | 0,06 | | | 3 | 0,06 | | | 1 | 0,02 | | | | | | |
| | Чеси | 3 | 0,06 | 1 | 0,02 | | | 1 | 0,02 | | | | | 2 | 0,04 | | | 2 | 0,04 |
| | Се | 15 | 0,32 | 12 | 0,26 | | | 12 | 0,26 | | | 1 | 0,02 | 2 | 0,04 | | | 2 | 0,04 |